РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-847/1

23-02-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава доставена по електронска пошта од подносителот ---------- --------------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 46-та седница одржано на ден 19.02.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-4276 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-4276/1 од 13.09.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата на електронска пошта од подносител – ---------- --------------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-4276 од 2019 година, за случајот се води постапка пред друг надлежен орган која е се уште во тек.

Предметот со број 12-4276 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-4276 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-4276/1 од 13.09.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата на електронска пошта од подносител – ---------- --------------.

Во пријавата изнесени се наводи против оператор за вршење на погребални услуги „---------- -----" ДООЕЛ ------- – -------------- ---------, за незаконито работење и се бара да не му биде продолжена лиценцата за вршење на дејност обезбедување на погребални услуги . Во конкретниот случај, станува збор за наводи за незаконитости и непрофесионално однесување од страна на наведеното правно лице при превозот на посмртните остaнки на умрените лица од местото на починување и местото на чување – мртовечница, односно постапил спротивно на законот за гробишта и погребални услуги, според кој ваков превоз можел да извршува само ЈП Градски Гробишта и починатите лица за кои вршел погребални услуги, подолг временски период наместо да ги однесе во капела, ги оставал во комбето кое го паркирал во кругот на неговото претпријатие и другиот ден ги пренесувал и ги погребувал по селата, а на семејствата на починатите, пак, им наплаќал и за превоз до градските гробишта, влез во градските гробишта и чување на телото на починатите лица во капела, а на штета на буџетот на јавното претпријатие.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до ОЈО --------- за податоци и информации во врска со предметниот случај. По барањето на ДКСК е постапено, доставени се бараните податоци и по разгледувањето на целокупната документација со која располага за предметниот случај од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

-Во врска со предметниот случај, имало постапување од страна на комунален инспектор на Општина ----------, кој постапил за овој случај пред една година и при неговото надлежно постапување на правното лице наведено во доставената пријава му било врачено Решение за забрана, кое решение било потврдено и од страна на второстепена комисија.

-Во моментот на поднесувањето на пријавата до ДКСК, за предметниот случај се водела постапка во Управниот суд со број -----------,---------- која била започната по жалба вложена од страна на наведеното правно лице - оператор за вршење на погребални услуги, а од страна на Основното јавно обвинителство ---------- во врска со овој случај била покрената кривична пријава против истото правно лице - оператор која била заведена под нивен број ---/---.

-Во врска со овој случај во медиумите има објава од 26 мај 2017 година, во која се наведува дека ------------- полиција поднела кривична пријава против Д.Ш. ------ од ---------, сопственик и управител на погребалното претпријатие „------- ------" од --------, кое било овластен оператор за вршење погребални услуги, за несовесно работење во службата.

- На 09.12.2020 година, на барање на ДКСК добиен е одговор од Основното јавно обвинителство ---------, со кое се известува дека во ова основно јавно обвинителство бил заведен предмет Ко.бр.---/------ против лицето ------------- --------- од -------- за кривично дело Несовесно работење во службата чл.353-в ст.4 во врска со ст.1 и 2 од Кривичниот законик, како и дека во наведениот предмет биле споени списите по нивен предмет Ро.бр.----/---. По предметот постапката била се уште во тек и не била донесена јавнообвинителска одлука и истиот се наоѓал во работа кај предметниот јавен обвинител кај кого предметот бил распореден во работа согласно распоредот за работа во ова основно јавно обвинителство.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во предметниот случај се постапува од страна на друг надлежен орган - Основното јавно обвинителство --------, по оформен предмет по кој постапката била се уште во тек и не била донесена јавнообвинителска одлука од страна на јавниот обвинител кај кого предметот бил распореден во работа. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива и Подносител
По заклучок на ДКСК:Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : м-р Ш.С.,член на ДКСК